ПОКАНА

Обука 2

Регистрација, административни постапки, права и финансиска подготвеност на земјоделските стопанства

ДАТУМ	МЕСТО	ВРЕМЕ	ПРЕСТОЈ
14-15 ноември 2026	Хотел Сириус, Струмица	09:30-17:00	Ноќевање на 14 ноември

Почитувани,

Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија Ве поканува на дводневна обука за регистрација, административни постапки, права и финансиска подготвеност на земјоделските стопанства.

Обуката се организира во рамките на проектот „AgriSHIFT – resilient farming“, кој го спроведуваат Forum for Equitable Development и Милиеуконтакт Македонија, со поддршка од Slovenia – Aid & Partnerships. Проектот е насочен кон зајакнување на знаењата и практичните капацитети на земјоделците за поотпорно и одржливо земјоделско производство.

За време на обуката ќе работиме на конкретни примери поврзани со регистрацијата на земјоделските стопанства, потребната документација, директните плаќања, Програмата за рурален развој, ИПАРД, продажбата од куќен праг, органското производство, поплаките и жалбите, како и основните производни калкулации.

Кратките објаснувања ќе бидат комбинирани со практични задачи, групна работа и подготовка на план за административна и финансиска подготвеност на секое стопанство. Во рамки на обуката ќе го објавиме повикот за демонстративни парцели за паметно користење вода и ресурси и повикот за финансиска поддршка на земјоделки и земјоделци.

Обуката ќе се одржи на 21 и 22 ноември 2026 година во Хотел Сириус во Струмица, со почеток во 10:30 часот. За учесниците кои доаѓаат од други градови е обезбедено едно ноќевање на 14 ноември, како и оброци и кафе-паузи согласно агендата.

Ве молиме да го потврдите Вашето учество со одговор на оваа покана не подоцна од .18.11.2026г

Со почит,

Тимот на Милиеуконтакт Македонија

АГЕНДА

Обука 2

Регистрација, административни постапки, права и финансиска подготвеност на земјоделските стопанства

Прв ден 21 ноември 2026

Регистрација, документација и обврски во земјоделското работење

Време	Активност и содржина
09:30-10:00	**Регистрација на учесниците и кафе за добредојде**
10:00-10:15	**Добредојде, претставување на предавачот и целите на обуката**
10:15-11:15	**Сесија 1. Вовед, очекувања и важноста на административната подготвеност** Искуства на земјоделците со административни постапки. Проверка на податоците и документите при аплицирање за директни плаќања и поддршка од Програмата за рурален развој. Практична вежба за проверка на подготвено барање пред потпишување.
11:15-11:30	**Кафе-пауза**
11:30-13:00	**Сесија 2. Регистрација на земјоделски стопанства, статус на производителите и здружување** Упис на стопанство и ИДБР. Различни статуси на производителите, можности и основни обврски. Носител на стопанството и документација за користење земјиште. Улоги на надлежните институции. Формално и неформално здружување за пласман, набавки и заедничко користење механизација.
13:00-14:00	**Пауза за ручек**
Време	**Активност и содржина**
14:00-15:15	**Сесија 3. Основни документи, евиденција и добра земјоделска пракса** Организација и проверка на документацијата. Евиденција на производните активности, трошоците и приходите. Преглед на применливите правила за добра земјоделска пракса. Практично запознавање со дневникот за евиденција.
15:15-15:30	**Кафе-пауза**
15:30-16:45	**Сесија 4. Права и одговорности при директна продажба и органско производство** Продажба од куќен праг - услови, регистрација, документација и постапка. Вклучување во органско производство - пријавување, контрола, преоден период, евиденција и сертификација. Надлежни институции и пристап до информации и услуги.
16:45-17:00	**Осврт и заклучоци од првиот ден**

Ден 2, 22 ноември 2026

Финансирање, аплицирање, калкулации и практично планирање

Време	Активност и содржина
09:30-09:45	Потсетување на содржините од првиот ден
09:45-11:00	Сесија 5. Извори на финансирање и постапки за аплицирање Директни плаќања, Програма за рурален развој, ИПАРД и други извори на финансирање. Разликување на условите, сопственото учество и начинот на исплата. Пронаоѓање програми, повици и упатства. Практичен приказ на електронско аплицирање за директни плаќања и проверка на достапните информации за барања, решенија и исплати.
11:00-11:15	Кафе-пауза
11:15-12:30	Сесија 6. Дополнување барања, поплаки, жалби и решавање административни проблеми Постапување при неусогласени податоци, недостиг на документи и добиени известувања или решенија. Комуникација со институциите, следење рокови и чување докази за поднесување. Групна работа на практични случаи.
12:30-13:30	Пауза за ручек
Време	**Активност и содржина**
13:30-14:45	Сесија 7. Евиденција на трошоци и приходи и основни производни калкулации Практична работа со дневникот за трошоци и приходи на пример од градинарско производство. Сопствен труд, ситни набавки и други често пропуштени трошоци. Пресметка на цена на чинење и резултат од производството. Влијание на приносот и продажната цена врз исплатливоста.
14:45-15:00	Кафе-пауза
15:00-16:00	Сесија 8. Административна и финансиска подготвеност - практичен план за стопанството Утврдување недостиг на документи, податоци и евиденција. Подготовка за избрана инвестиција или развојна активност. Приоритетни чекори, потребна стручна помош и институции за контакт. Објава на повикот за финансиска поддршка на земјоделки и земјоделци во рамки на проектот АгриШифт
16:00-16:45	Сесија 9. Осврт на обуката, отворени прашања и следни чекори Разгледување на резултатите од практичните задачи. Прашања за дополнителна проверка и упатување. Следни активности, менторско следење и евалуација на обуката.
16:45-17:00	Завршни обраќања и заминување